РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 14-6065/4
15-07-2022 20 год. viti

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 69 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21), Министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на Приватната високообразовна установа, самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа, самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст“ во Скопје.
2. На приватната високообразовна установа од член 1 од ова решение, ќе се изведуваат две студиски програми од прв циклус на студии и тоа: софтверско инженерство и иновации (180 ЕКТС) и дигитален маркетинг и комуникации (180 ЕКТС).
3. Вкупниот број на студенти кои се запишуваат на приватната високообразовна установа од член 1 од ова решение изнесува 125 студенти, од кои 75 студенти на студиската програма по софтверско инженерство и иновации и 50 студенти на студиската програма по дигитален маркетинг и комуникации.
4. Наставата на приватната високообразовна установа од член 1 од ова решение ќе ја изведуваат 10 наставници, согласно стандардите и нормативите за вршење на високообразовната дејност.
5. Приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука, ќе биде сместена на две локации во Скопје, и тоа: на ул. „Васил Ѓорѓов“ бр. 19 и на ул. „Костурски херои“ бр. 10, со вкупна површина за вршење на научно-истражувачка и високообразовна дејност од 777 м2.
6. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Приватната високообразовна установа, самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст“ во Скопје се обрати со барање бр. 667-0101/2022 од 23.05/2022 година, под наш бр. 14-6065/1 од 23.05.2022 година, до Министерството за образование и наука, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на Приватната високообразовна установа, самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст“ во Скопје, по добиеното Решение за акредитација на проектот за основање на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје заверено во Агенцијата за квалитет во високото образование под бр. 08-431/6 од 28.09.2021 година, а добиено од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение бр. 14-6065/2 од 06.06.2022 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на Приватната непрофитабилна високообразовна установа, самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст“ во Скопје.

Комисијата на ден 06.07.2022 година, изврши увид и изготви Извештај под бр. 14-6065/3 од 11.07.2022 година, каде е наведено дека за Приватната непрофитабилна високообразовна установа, самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Министер за образование и наука,**
**Ministër i Arsimit dhe Shkencës,**
**Doc. dr. Jeton Shaqiri**

Подготвил/Përgatiti: м-р Јорданчо Попоски
Прегледал/ Kontrolloi: Борчо Алексов
Одобрил/Miratoi: Ahmed Qazimi